Кога авторот „става печат“ на паника без факти!

Во членот 13 од Кодексот на новинарите јасно е наведено дека новинарите мора да прават разлика помеѓу фактите и мислењата, помеѓу вестите и коментарите. Во текстот што го анализираме, сето ова е помешано, фактите и мислењата не се одвоени, додека во насловот „ставен е печат“ за паника без тоа да се аргументира. Потоа, информацијата не е воопшто релевантна доколку нема барем два извора.

„Вклучен е алармот во Скопје, децата можат да бидат киднапирани од група криминалци?“ - ова е насловот на вест објавена во медиумите пред четири години, каде уште од самиот наслов се раѓаат многубројни сомнежи бидејќи истиот завршува со прашалник и уште од почетокот создава недоверба и непотребна паника кај родителите.



Текстот објавен во www.klankosova.tv, нема автори, а во содржината е цитиран портал на македонски јазик кој наводно ја напишал оваа вест, а истата е пренесена од албански портал со регистрирана дејност во Северна Македонија.

Напишаниот текст без автори, изгледа дека има за цел само да собере кликнувања, но

не и да понуди точност околу информирањето. Недостасуваат низа факти за веродостојноста на истиот. Од време кога е објавена веста, пребарувајќи податоци од билтенот на МВР, таму нема информации за овој настан, ниту според датумот (07.09.2016) кога е објавена веста, ниту претходниот, ниту наредниот ден. Потоа, во нашата држава евидентирани се 61 исчезнати лица, од кои само 5 се деца кои исчезнале пред многу години.

На фотографијата вметната во веста има деца од ромска заедница, додека во текстот во ниту еден момент не се спомнува дали овие деца биле Роми или не, а со тоа медиумот ги крши авторските права на фотографијата и злоупотребува други деца само за да се добијат малку повеќе лајкови.

Во содржината на текстот се вели: „Во автомобил „Опел “ биле маж и жена кои, за да ги измамат децата, им давале разни играчки со единствена цел да ги натераат овие деца да влезат во автомобилот“. Оттука, може да се каже дека анонимниот автор самиот констатира дека биле маж и жена во автомобил „Опел“. Тој не се повикува на изворот што го потврдил тоа, полицијата, самите деца, нивните родители или какви било очевидци.

Понатаму се тврди дека едно дете се приближило до автомобилот, а потоа на човекот му бега од рака. Повторно нема факти за тоа кој го видел овој настан и анонимниот автор ова го нарекува инцидент без да потврди ништо.

> Në veturën Opel ka qenë një burrë dhe një grua të cilët për t'i mashtruar fëmijët ju kanë dhënë lojëra të ndryshme me të vetmin qëllim që këta fëmijë të futen në veturë.
>
> Në një moment, njëri fëmijë i vogël sa kishte arritur deri te vetura, shoferi i veturës kishte dashur që me forcë ta fus fëmijën në veturë. Gjatë këtij incidenti, fëmija kishte filluar që të bërtasë dhe shoferit i kishte ikur nga dora.

Веродостојноста на веста дополнително се намалува кога во горниот дел од веста се известува за две 10-годишни деца, а подолу се наведува само инцидентот на едно дете. Би требало минимум да се даде објаснување што се случило со другото дете. Оваа вест како да е составена од две различни приказни залепени една со друга без логична поврзаност.

Автор:

Џеват Лимани, 17 години